ЗОШТО ДА ИЗЛЕЗАМ НА РЕФЕРЕНДУМ ЗА ГТЦ?

Историјата на модерно Скопје е неодделива од историјата на ГТЦ. Со зачувувањето на неговата автентичност, се чува и автентичноста на личните приказни на граѓаните. Се чува во живот срцето кое го создава уникатниот скопски ритам.

Излегувањето на референдум за ГТЦ, значи давање глас за културна вредност, глас за архитектонски уникат, глас за самото лице на Скопје. Воедно, со излегувањето на овој прв локален референдум во нашата држава, граѓаните ќе имаат за шанса самите да ја донесат конечната одлука, да ја вратат довербата во институциите и да ја подигнат граѓанската свесност.

ИСКОРИСТИ ЈА ИСТОРИСКА МОЖНОСТ ДИРЕКТНО ДА ПРИДОНЕСЕШ ЗА ТВОЈОТ ГРАД И ДЕМОКРАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.



ПРВ РЕФЕРЕНДУМ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

ИЗЛЕЗИ ЗА ГТЦ!

26.04.2015

ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГЛАСАЊЕТО

На 26-ти Април може да гласате на вашето избирачко место и процедурата е иста како на избори. Гласаат само граѓаните на Општина Центар. Потребен ви е документ за лична идентификација (валиден пасош или лична карта) а кутиите се отворени од 07:00 до 19:00 часот. Доколку досега не сте гласале на избори, информации може да најде на сајтот на Државната Изборна Комисија (www.sec.mk) или пак да се обратите во општината. На референдумот имаат право на глас сите полнолетни граѓани регистрирани на избирачкиот список во **Општина Центар**.

ПРВ РЕФЕРЕНДУМ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

ИЗЛЕЗИ ЗА ГТЦ!

26 АПРИЛ 2015

#ГОсакамГТЦ

ШТО Е РЕФЕРЕНДУМ?

Референдумот е најавтентична форма на директна демократија. Им овозможува на граѓаните директно да се вклучат во носењето на политички одлуки и јасно да се изјаснат за одредено прашање. Преку него, граѓаните го остваруваат својот суверенитет.

Референдумот е светла одлика на секое демократско општество. Со него, сите граѓани добиваат силен глас и моќ да донесат одлука за најважните прашања од нивен интерес. Истовремено, е алатка со која ја корегираат власта и ја зголемуваат одговорноста кај политичарите.

Референдумот може да ги обедини граѓаните кои се поделени по партиска, верска или етничка линија и да ги насочи кон позитивниот заеднички интерес.

Конечно, преку референдумот власта се враќа во рацете на граѓаните!

ШТО Е ГТЦ?

ГТЦ е срцето на градот. Уникатен објект и архитектонско ремек дело во самиот центар на Скопје, отворен, проточен за пешачко движење, функционален, автентичен, градски.

ГТЦ нема врати и нема работно време. Таму може да влезете и да излезете, кога сакате и од каде сакате. Кои и да сте. Трговскиот центар е нераскинлив дел од идентитетот на градот, историско и културно наследство. За граѓаните, ГТЦ претставува место полно спомени, емоции и гордост. ГТЦ е повеќе од зграда, тоа е модерен градски предел, пејзаж низ кој минува „градот“.

ГТЦ Е СЛОБОДА!